

Македонскиот град, Лебаја, е познат од митологијата, и е повр-зан со првиот историски потврден македонски крал Пердика I. Тој, според преданието што ни го раскажува Херодот, се наоѓал во Горна Македонија на која и припаѓа и Пелагонија. Локацијата на овој град не е утврдена, а нема ниту историски извори за неговото постоење, освен извесни ономастички појави на просторот на Воденско, Костурско и други места.



*Монета од Ајга 1*

Лебаја е градот во кој, според легендата, бегајќи од Арг, тројцата браќа, потомци на Темен – Аероп, Гаван и Пердика, дошле кај тамошниот крал, чие име не се споменува, и се главиле да му го чуваат добитокот. Едниот од постарите браќа, Аероп ги пасел коњите, а Гаван говедата, додека најмалиот брат, Пердика, овците и козите. Тогаш населението било сиромашно и кралот немал слуги, туку во домот работела него-вата жена. Месејќи леб за тројцата браќа таа забележала дека лебот кој го ме-се-ла за

најмалиот брат, Пердика, нараснувал двапати поголем од лебовите на други-те двајца браќа. Ваквата појава, пророците на кралот ја протолкувале како негативна и го сове-тувале кралот да ги избрка браќата од неговото кралство. Тој тоа и го направил, со тоа што ги викнал и им рекол да си заминат. Кога тие побарале да им плати, тој им рекол дека плата ќе им биде светлината од сонцето, која од отворот на покривот на куќата влегувала внатре и паѓала врз подот во собата. Додека другите двајца браќа се вознемириле, Пердика мирно се согласил со таквата „плата“, го заокружил местото на кое паѓала светлината со малиот меч што го имал при себе и три пати, симболично, зацрпил со раце од неа, „ставајќи” ја во пазувите. Потоа тројцата браќа заминале.



*Монета од Ајга 2*

По заминувањето на Гаван, Аероп и Пердика, кралот бил советуван од еден свој совет-ник дека згрешил што ги пуштил браќата да заминат, бидејќи постапката на Пердика значела дека тој ќе му го земе кралството. Кралот испратил коњаници во потера по браќата за да ги престигнат и убијат. Во тоа време реката, која браќата штотуку ја преминале, толку надошла што потерата не можела да ја премине, и се вратила на-зад. Браќата дошле во Долна Македонија, во просторот на Костурско и се населиле во близина на таканаречените Градини на Мида, син на Гордиј, кралеви од бригиско потекло (Бригите на територијата на Македонија живееле до доцното железно време и имаат сродности со Македонците), блиску до планината Бермион.





*Остатоци од градба на Градиште*

## НАШ ОБИД ЗА ЛОЦИРАЊЕ НА ЛЕБАЈА

Имајќи предвид дека тројцата браќа работеле кај кралот како чувари на стадата со добиток, не наведува на размисла дека кралството се наоѓало во планинска област, која располагала со соодветни пасишта. Всушност, веројатно е дека и главната дејност и богатството на неименуваниот крал на Лебаја било од одгледување добиток. Затоа, некои остатоци на материјалната култура од постарите периоди, кои се среќаваат во

областа Мариово, на левиот брег на Црна Река (ЕРИГОН) предизвикуваат со богатството од разновидни и обемни културни содржини и не наведуваат на помисла дека имаат капацитет на одамна замрено кралство, можеби токму како кралството од горното предание, запишано од Херодот. Дали во некои од нив се крие токму Лебаја, старото кралство во кое чувал добиток еден од најстарите македонски кралеви, заедно со своите браќа? Овде, мислиме сосема конкретно на еден локалитет од атарот на селото Вепрчани, Прилепско, во областа Мариово, односно локалитетот Вепрчки Рид, кој располага со неколку некрополи од различни времиња, почнувајќи од доцното бронзено време, како и со тврдина со нагласени димензии, која се наоѓа на крајниот југозападен дел на ридот, познат како Градиште. Географската местоположба, природните услови и опкружување, како и археолошките остатоци, кои ни се познати до денес на овој локалитет, не наведуваат на вакаа смела претпоставка. Притоа, особен аргумент претставува делот од Вепрчки Рид, Градиште со тврдината, која потекнува од праисторискиот период, најмалку од железното време и која располага со површина од неколку хектари, во чиј простор има остатоци од поголем број градби, особено на највисокиот дел од терасестото плато.



*Остатоци од тврдината на Градиште*

## ШТО Е ПОЗНАТО ОД ДОСЕГАШНАТА НАУКА?

Научникот Ј. Калерис, реката која, со ненадејното надоаѓање, ги спасила тројцата браќа од поте-рата ја идентификува со Црна Река (античкиот ЕРИГОН), но во немање на релевантни податоци тешко е да се докаже точноста на оваа тврдење. Хамонд сметал дека реката која ја преминале тројцата браќа, всушност, била граница меѓу две кралства. Едното било бригиско, она од кое избегале, а другото македонско. [4] Доколку се при-фа-ти дека реката од преданието е ЕРИГОН (Црна Река), може да се констатира дека Лебаја треба да се бара некаде во Пелагонија, а можеби и во Мариово кое во тоа време припаѓало кон Пелагонија. Имајќи предвид дека и во двете области има голем број значајни археолошки локалитети, со населби чии имиња најчесто не се познати, мо-же да се претпостави дека на некој од нив во древноста постоел токму градот Ле-ба-ја, еден од најстарите градови на територијата на Маке-до-нија, споменат во старите извори. Имињата на тројцата браќа Аероп, Гаван и Пердика се посведочени на епи-граф-ските споменици низ Македонија, а имињата на Пердика и Аероп дури и како „кралски”. Имиња на Аероп и Гаван се застапени на натписи пронајдени во Бероја, Егејска Македонија, во Линкестида Битолско, Граешница, Демирхисарско и на други места. Пронајден е и облик на името на градот од Горна Македонија, Лебаја, на нат-писи-те на светилиштето на автохтоната мајка на боговите во селото Леукопетра (Извор), како Алебеа.
[5]

Пердика I се споменува само уште во еден историски извор. Тоа е античкиот историчар Диодор кој известува за тоа дека кога Пердика посакал да го прошири своето кралство за совет се обратил до пророчиштето во Делфи, а се споменува дека неговата мајка се викала Клеоника.
[6]



*Вепрчки Рид*